# СТРИП НАГРАДА ЛИФТ

# #4

стрипови од
конкурсот
за 2021



## содржина


05 **Solar System, Recipe**
Гоце Илиевски

14 **DEAR FATHER**
Гаја Смилевска

23 **ПРОШЕТКА**
Владимир Илиевски

25 **ОСАМЕНАТА ЗИМА**
Јована Велинова Трајанова

31 **ПРАЗНИНАТА**
Тео Марковиќ

46 **ПАЛАВКОТО БОШЕ**
Владо Јаневски

51 **IF IT’S REAL, IT WILL HURT LIKE HEL**
Симона Новаковиќ (Мона Новак)

62 **THE RETURN OF THE CREATORS**
Петар Миљковиќ

72 **БИДИ МОЕТО ТЕЛО**
Иван Коцев

76 **ТАНЦУВАЈ НА ДОЖДОТ**
Славица Купенкова

92 **SOCER MAK**
Златко Крстевски

95 **ГРАДИНА**
Тамара Марчевска

103 **ЧУДНИ**
Ева Дејановска

107 **БЕЛЕШКИ ЗА АВТОР(К)ИТЕ**

# СТРИП НАГРАДА ЛИФТ

# #4

стрипови од
конкурсот
за 2021



# Во 2021 – 17 стрипови од 13 автор(к)и

На четвртиот конкурс за стрип наградата Лифт пристигнаа 17 стрипови од 13 автор(к)и. Според воедначеноста на квалитетот ова е најдобриот конкурс до сега. Поголемиот дел од седумнаесетте стрипови лесно можеа да ги добијат наградите, нијанси ги раздвојуваа во оценките. За жал, имаме само три награди. То ест, четири, зашто годинава третото место го делат два стрипа. Еве ги најдобро оценетите стрипови за 2021 година:

1. **Solar System Recipe** од Гоце Илиевски

2. **Dear Father** од Гаја Смилевска

3. **Осамената зима** од Јована Велинова Трајанова и

**Прошетка** од Владимир Илиевски.

Во тричленото жири за наградите решаваа: Никола Гелевски, Јана Јакимовска и Владимир Трајановски.

Вкупниот награден фонд изнесува 500 евра (250 + 150 + 100), во книги и стрипови на книгоиздателството Темплум и стрипарницата Бункер.

Во продолжение пренесуваме по неколку зборови за тринаесетте стрипови што влегоа во книгава.

***Solar System, Recipe*** од Гоце Илиевски

Професионален труд, одлично замислен и изведен и во детали и во целина, и како приказна и како цртеж и композиција. Приказната е без зборови, раскажана на девет табли кои изгледаат многу складно, со прецизно и поетично вклопени детали, светло, сенки, колорит, ефекти... Стрипот на моменти изгледа и како одлична геометриска уметност, со што убаво ни ја приближува темата: нашиот космос, поточно настанувањето на сончевиот систем. Еден од подобрите кратки македонски стрипови воопшто, не годинава, и не само во рамките на конкурсот за наградата Лифт.

***Dear Father*** од Гаја Смилевска

Паднат ангел ни ја раскажува својата приказна. Одлична синхронизираност меѓу текстот и црно-белиот цртеж, суптилно (а на места и драматично) проникнат со црвена боја. Нарацијата е прецизна, со фино избрани („стрипски“) фрази и зборови, кои зборуваат и за книжевната култура на авторката. Композицијата е исто така креативна и функционална.

***Осамената зима*** на Јована Велинова Трајанова

Велинова (отскоро и Трајанова) веќе трет пат учествува на Лифт конкурсот. Овојпат добивме неочекувано издание на младата авторка: шарено дело меѓу стрип и сликовница, за деца и возрасни, со многу суптилни колористички градации и паметно водена приказна, пред сѐ композициски, но и преку текстот.

***Прошетка*** од Владимир Илиевски

Духовита, ефектна приказна без зборови, на само две табли. Одличен цртеж, динамична композиција со јасна нарација базирана на колористички контраст - првата табла е со посветли нијанси, втората потемна. Стилот е делумно карикатурален, а цртежот прецизен и минималистички.

***Биди моето тело*** од Иван Коцев

Мрачен (ноар) „андерграунд“ стрип, но со извртен хумор и поетичност кои се кријат зад „фасадата“ на бруталноста и радикалноста. Цртежот и графиката се исклучителни, некаков микс меѓу андерграунд и германски експресионизам. Мотивот за приказната е новинска статија која известува за син кој претепал родители зашто не добил роденденски подарок. Одлично се исцртани и буквите, одлично се доловени, со доза на хумор, мрачните карактери, и на само четири непретенциозни страници е раскажана комплексната и повеќезначна „приказна од животот, направена според вистинити настани“.

***Празнината*** на Тео Марковиќ

Мошне амбициозен и солидно реализиран труд, на 16 страници. Интересната и примамлива приказна зборува за вселенската програма на СФР Југославија. Во стрипот се појавува и Тито, како нарачател на вселенската програма. Во ликовна и стриповска смисла приказната е раскажана логично и прецизно, но можеби ѝ фали одредена фина доработка. Квалитетот на кадрите исто така благо варира, што можеби укажува дека стрипот сѐ уште е во работа.

***Танцувај на дождот*** од Славица Купенкова

Динамична, атрактивна, секси приказна, под влијание на манга стрипот. Главната хероина низ монолог ја рекапитулира својата штотуку завршена љубовна приказна, ефектно поентирајќи: добро е кога знаеме кога бурата треба да се напушти, а кога треба да танцуваме на дождот. Одлично е искористен duo-tone ефектот. Позадините се интересни, апстрактни, динамични, но некои кадри сепак изгледаат недоработено.

***Socer Mak*** од Златко Крстевски

Крстевски е познат автор на алтернативниот стрип. Цртежот е добар, како и визуелната нарација. Доминантни се верските елементи, објекти, светци, сакралното, но приказната неочекувано добива друг тек. Искористени се исечоци од весници како текст, добро вклопени во цртежот (или обратно, цртежот е добро вклопен во колажот:).

***If it's real, it will hurt like hell*** од Мона Новак

Интересен стил, повеќе како колаж, страници направени од еден кадар, најчесто портрет. Текстот е функционален, добро го води и надополнува визуелното. Приказната, низ формата на меланхолична исповед,  зборува за уште едно љубовно разочарување.

***Палавкото Боше*** од Владо Јаневски

Мини стрип каишите на Јаневски се мошне духовити. Кај него нема класична стрип нарација, туку работите ги решава со еден кадар и со текстуално дообјаснување во горниот дел. Приказната е можеби послабиот дел на стрипот.

***Градина*** од Тамара Марчевска

Градина е солиден ликовен експеримент изведен со комбинација од техники. Стрипот е добро кадриран, но му треба малку поголема техничка и наративна педантност.  Забележливо е влијанието од Wall-E, каде луѓето се дебели и инертни, додека роботите се похумани.

***The return of the creators*** од Петар Миљковиќ

Апстрактен цртеж не премногу недефиниран, изведен со тенки линии. Приказната (за НЛО и за влијанието на вонземските раси врз нашата)  убаво почнува, иако е прекратко дејството. Кому му следи продолжение, како што навестува крајот на епизодата.

***Чудни*** од Ева Дејановска

Четрнаесетгодишната Ева втор пат учествува на нашиот конкурс. Симпатичен е нејзиниот стил, особено цртањето на женските ликови. Таблите наликуваат на сложувалки, па читањето бара дополнителен напор. Приказната е малку чудна, како што најавува насловот, за чудовишта кои на крајот испаднале смешни. Со поинаков распоред на кадрите, можеби стрипот ќе добиеше појасна и попривлечна наративна структура.

Ева заслужува посебна пофалница, не само поради младоста и талентираноста, туку и поради посветеноста, да црта стрипови. Ѝ посакуваме да истрае.

# SOLAR SYSTEM, RECIPE | Гоце Илиевски




THE CREATION OF THE SOLAR SYSTEM















# DEAR FATHER | Гаја Смилевска





i kept asking for the reason,
i catalogued my faults as i lay
seeking a fatal transgression
my one way ticket out of heaven
i asked,
but maybe human voices cannot reach that far.
11


i am not used to being flesh and bones
to how heavy skin is
how warm their blood runs
i can hear it in my eardrums.
a steady hum where your voice once was.
III


Heavenly father,
my hip hurts where it touched the ground
and i can still feel where he held to lift me up
a kind man of twenty-something
he said i looked miserable crouching by the pew.
IV


"not crouching, waiting."
- i said
(im sure someone would've come to get me now or then)
he led me out, into the sun
he was not afraid
perhaps i should've been.
V


Dear father,
why did you not tell me
of the gentle patience of a hot cup of tea
the open invitation of a table set for two
the blanket you wake with
when you don't remember falling asleep
i suppose
there is too much
love in this world
I suppose, that is why.
VI


Heavenly father,
I'll be seeing you soon.
the envoy came this evening
bearing good news, blessed news
—X
why then does saltwater smear my ink?
why does this water smudge my vision?
I will take my last sleep on this earth soon
I will dream of this earth in heaven too.
VII


Father,
have wings always been this heavy?
speaking on humans-
there is a moment
when looking into the eyes of another
where i am unsure
where i end and he begins.
VIII


i think
i left more of myself below than i'd hoped
i hope someone finds themselves
in the parts i left behind.
IX

# **ПРОШЕТКА** | Владимир Илиевски





# ОСАМЕНАТА ЗИМА | Јована Велинова Трајанова




ДРУГИТЕ ГОДИШНИ ВРЕМИЊА ЖИВЕАТ СРЕЌНО И ЗАЕДНО. ПОСТОЈАНО СЕ ДРУЖАТ СО ЛУЃЕТО. КОГА ЈАС СУМ ТУКА НЕМА ДУРИ НИТУ ЕДНО ЦВЕТЧЕ.


ПРОЛЕТТА ЌЕ ДОЈДЕШЕ И СИТЕ ЌЕ СЕ РАЗБУДЕА. ЦВЕЌИЊАТА ГИ ОБЛЕКУВАА НАЈВЕСЕЛИТЕ БОИ, ЖИВОТНИТЕ СЕ БУДЕА И ОДЕА НАДВОР ДА УЖИВААТ ВО ПРВИТЕ СОНЧЕВИ ЗРАЦИ.


ЛЕТОТО ДОАЃАШЕ ВЕДНАШ ПО ПРОЛЕТТА И СИТЕ ГИ ПОВИКУВАШЕ ДА ОДМОРАТ И ДА ГИ ПОСЕТАТ ПЛАНИНИТЕ, ЕЗЕРАТА И МОРИЊАТА.


ЕСЕНТА ПАК ДОАЃАШЕ ВЕДНАШ ПО ЛЕТОТО И ПОЧНУВАШЕ ДА ГИ БОДРИ СИТЕ ДА СПРЕМААТ НАЈВКУСНИ ЈАДЕЊА ЗА ДА ИМА ШТО ДА ЈАДАТ КОГА ЌЕ ДОЈДЕ ЗИМАТА.


А КОГА ЌЕ ДОЈДЕШЕ ПАК РЕДОТ НА ЗИМАТА ТАА ГИ ЗЕМАШЕ ПОСЛЕДНИТЕ БОИ ОД ДРВЈАТА, ГИ ЗАМРЗНУВАШЕ СИТЕ ЛИВЧИЊА И ЈА ПОКРИВАШЕ ЗЕМЈАТА СО СНЕГ.
МИСЛЕВ ДЕКА АКО ГО ПОСЕТАМ ОКОЛНИОТ ГРАД НЕКОЈ ЌЕ МЕ ПУШТИ ДА ВЛЕЗАМ И ДА ГИ ИЗРАДУВАМ СИТЕ СО СНЕГ.
НО НЕ ГЛЕДАМ НИКОЈ ОКОЛУ...
СИТЕ СЕ ВО ДОМОВИТЕ. НЕМА НИКОЈ ДА ЈА ОТВОРИ НИТУ ГОЛЕМАТА ПОРТА.




И ОВОЈ ПАТ ДРУГИТЕ ГОДИШНИ ВРЕМИЊА ЈА ЧЕКАА ДА ЗАМИНЕ ЗА ДА МОЖЕ ТИЕ ДА СЕ ВРАТАТ. НО, ЗИМАТА СПИЕШЕ ВО ДЛАБОК СОН СО НЕДЕЛИ И МЕСЕЦИ. НЕ ГИ ПРОШЕТА КРАЛСТВАТА, НЕ ГИ ПОСЕТИ СЕЛАТА НИТУ ПАК ПЛАНИНИТЕ.

ТАА ЛЕГНА НА СНЕГОТ И НЕ САКАШЕ ДА МИСЛИ КАКО ДРУГИТЕ СЕ ЧУВСТВУВААТ КОГА ЌЕ ДОЈДЕ.

ТОГАШ ПРОЛЕТТА СЕ СЕТИ...




ТУКУШТО ЈА ВИДОВ ЗИМАТА, ТОЛКУ САМА И ТАЖНА. МОРА ДА БИДЕМЕ ФЕР СО НЕА. ЗНАМ ШТО МОЖЕ ДА НАПРАВИМЕ!


ЧИРИБУ ЧИРИБА


СЕГА ЌЕ ГО ДОБИЕШ ПРВОТО ДРУГАРЧЕ, А ВЕДНАШ ПОТОА УШТЕ ТРИ! ЗАЕДНО ЌЕ ИМ ПОКАЖЕМЕ НА СИТЕ ДЕКА И ЗИМАТА Е ПРЕУБАВА.


ЗИМАТА ПОЧУВСТВУВА УБАВ МИРИС КОЈ ЈА РАЗБУДИ ОД СОНОТ.
ТАА ГИ ОТВОРИ ОЧИТЕ ПОЛЕКА И ПОГЛЕДНА ПРЕД НЕА.
СО НЕВЕРУВАЊЕ ГЛЕДАШЕ ВО ПРВОТО ДРУГАРЧЕ ШТО ОСТАНАТИТЕ ГОДИШНИ ВРЕМИЊА И ГО ПОДАРИЈА.
ЦВЕТ ВО ЗИМА КОЈ РАСТЕ ПОД СНЕГОТ. ЗАЕДНО СО ПРОЛЕТТА ГО НАРЕКОА КОКИЧЕ.
ОВА Е ПРИКАЗНАТА ЗА ЗИМАТА КОЈА БЕШЕ ОСАМЕНА.
СЛЕДУВААТ МНОГУ, МНОГУ ДРУГИ ПРИКАЗНИ КАДЕ ШТО ТАА ВЕЌЕ НИКОГАШ НЕМА ДА Е САМА.

# **ПРАЗНИНАТА** | Тео Марковиќ




КАКО ОДИ ДРУЖЕ ПЕТРОВИЧ.
НЕ ЗА ЏАБЕ ТЕ НАЗНАЧИВМЕ
ГЛАВЕН ИНЖЕНЕР.
ОЧЕКУВАМ ГОЛЕМИ РЕЗУЛТАТИ.
КАЖИ МИ ДО КАДЕ СМЕ ?
ДРУЖЕ ТИТО, МИ ТИ СЕ КУНЕМО!!!


Одлично оди друже Тито. Сè е според план и рок
Драго ми е што го слушам тоа. Само имам уште еден проблем што можеш ти да ми го решиш.
Кажете господине?
Па, вака стојат работите. Каде се старите нацрти од првичниот неуспешен обид за освојување на вселената?
Исто така треба да знам дали е воопшто таа справа функционална.
Да господине. Сè чуваме и е внимателно категоризирано и организирано.
А самата машина е функционална, но не може да ја напушти стратосферата. Што ќе ви се тие нацрти и пропаднати обиди?
За да им ја продадеме на Американците
На Американците? Зашто би направиле такво нешто?


Затоа што немаме доволно финансиски средства за да ја завршиме вистинската програма. Американците мислат дека со парите што ќе ни ги дадат ќе ја подобруваме нашата економија.
Но, со тие пари ќе ги имате средствата за да го комплетираме нашиот поход до звездите.
Очекувам старите нацрти и сите делови да се натоварени на Галеб во рок од еден месец.
Во Мароко ќе се изврши трансферот и јас лично ќе бидам присутен.
Во меѓувреме, ти ќе одиш во „објект 505" и ќе го надгледуваш напредокот. О да, и истотака ќе бидеш член на екипажот што ќе го пилотираат шатлот.
Само ти и уште одредена група на луѓе знаат за ова.
Ова е голем ден за тебе Борисе. Треба да се гордееш со тоа што ќе постигнеш.
Југославија ти се заблагодарува. Јас ти се заблагодарувам. Поздрав и сѐ најдобро.
Не ми се верува. Откако си отиде Тито, не успеав да станам од фотеља. Седев и размислував на сѐ тоа што тој го кажа.
Како може да тврди дека нашата нација е чесна и праведна кога ова се постапки на лажго. Не е ништо подобар од капиталистите.
Но, можеби Тито има научено дека мора да се бори оган со оган. Како што играат американците, така мора да игра и тој. Да, мора да е тоа. Не би го излажал народот. Нема шанси.


Верувам во Тито. Верувам дека сè што прави има причина и чест ми е што ме вклучува и мене. Сега, конечно имаме можност да им покажеме на САД и на Русите дека Југославија е моќна држава. Дека сме силни и горди пуќе сплотени во братство и единство.
Ќе одам. Заедно јас и моите сопатници ќе докажеме кои се капацитетите на оваа наша голема држава.
Телефонот.


Како што гори пурата и мирисот од димот ја исполнува собата, така господин Петрович го замислува патешествието. Дека овој настан ќе ечи низ вековите и дека тој ќе биде дел од најголемата револуција на 20-иот век. Дека ќе донесе гордост на југословенскиот народ. Тој е заслепен од идеологија којашто наскоро ќе разбере дека е непостоечка. Но, не знае што го чека во големата празнина на вселената. Не знае дека тоа ќе му ги отвори очите на начин коишто никој не очекува. Дека наместо да му се прошират хоризонтите, тие ќе бидат комплетно уништени.
Господине Петрович, ви се јавуваме да ве прашаме до каде ви се пресметките за ракетните погони и за навигацискиот систем.
При крај се колега.
Утре тргам да ви ги донесам и да презземам надзор.
Во ред.
Исто така, сакам да знаете дека ја изработивме комората за согорување и дека деловите ни стигнаа за да го довршиме кокпитот. Сега само фали да стигне пратката со керозин и можеме комплетно да започнеме со конструкција.
Се гледаме наскоро. Поздрав и секое добро.
Богами, дефинитивно е во секое добро


Боже сачувај, зарем уште го тераш истиот брк.
За човек со толку напредни идеи, многу си старомоден.
Перица!!
Како си.
Искрено, не очекував дека ќе те видам тебе тука.
Па некој мора да те пази да не направиш беља горе. Јас летам со тебе.
Навистина! Ова ќе биде интересно.
И јас доаѓам со вас.
Извинете, да ви се претставам. Јас сум Сузана Трајкович. Тито ме замоли да сум третиот копилот на нашата авантура.
Ве молам, следете ме.


Ви се верува ли господа? Ви се верува ли што се случува!
ДА.
Дали некогаш сте помислиле дека ќе постигнеме вакво нешто?
Јас се уште не можам!
СУЗЕ!!
Што? Не можам да поверувам дека нашиот народ е способен за вакво нешто.
Што мислите вие господине Петрович?
Мислам дека немате доволно верба Сузана. Ако ова не би е доказ, тогаш не знам што друго би било.
Дајте да го видам шатлот.


СЛОБОДА


Ти се допаѓа името? Мислам дека добро ја претставува нашата нација.
Одлично е Перица! Алал ти вера!


Богами, СЛОБОДА! Војната нè научи многу. Нè научи што може да направиме ако се обединиме. Дека со труд, пот и посветеност можеме да се ослободиме. Дека со јака волја успеавме да ги победиме фашистите, а сега, со јака волја ќе ја освоиме следната битка.
Тоа е значењето на Југославија. Братство Единство. Да бидеш дел од овој народ значи да бидеш дел од нешто поголемо од тебе. Да го дадеш своето најдобро за најдоброто на нацијата, и, ако треба, да умреш за неjзе.
„Ниту една од нашите републики нема да биде ништо ако не бевме сите заедно, но ние треба да создадеме своја историја - историја на Обединета Југославија“.
Јосип Броз Тито
Овие зборови не се кажани залудно.


СЛОБОДА
Според моите пресметки, треба да е сè спремно за полетување за неколку години, 7 поточно.
Да, освен ако не заглавиме негде при изработка.
Затоа сум јас тука. За да не се случи такво нешто.


Одлично. Јас ќе се погрижам за предните погони. Ти што ќе правиш.
Сè останато.
Седум години подоцна.
Во ред господа. Направени се сите проверки и спремни сме за полетување.
Јасно Сузе. Перица, ти ќе ги превземеш навигациските контроли.
Договорено. Корнае какво ќе биде чувството кога ќе полетаме.
Се кладам дека ќе биде величествено.



Главна контрола, како стојат работите од ваша страна?
Сите системи се во најдобар ред, кокпит. Одбројување за полетување.
Примено. Палам главни ракетни погони.
Фантастично, зар не? Само да можеше Тито да биде тука да го види ова.
Ти сам добро знаеш зашто не може да е тука, но верувам дека би бил екстремно горд.
Ние нашата должност ја реализираме. Контрола, спремни сме. Срећен ни пат.


Мислиш дека може да има некакви проблеми?
Отварам излезни порти.


Слобода


ПАЛАВКОТО
БОШЕ
ТЕКСТ И ИЛУСТРАЦИИ
ВЛАДО ЈАНЕВСКИ

Ова е вистинска приказна за палавкото Боше. Еден жежок летен ден Боше реши да се разлади. Мислеше дека пливањето е најлесната работа на светот, но набрзо откри дека му треба помош. Баба му Ленка му даде совет.




(c) vlado janevski

www.facebook.com/palavkovcite

Се чинеше дека Боше се беше толку исплашил од водата и испаничил што не ја слушна баба си. Не го слушна ни советот на своето најдобро другарче, Тоше.




(c) vlado janevski

www.facebook.com/palavkovcite

Боше продолжи да вика на сиот глас што дури и мачорот Бромо, кој по цел ден се излежуваше на сонцето, се заинтересира и дојде да види што се случува. Бромо не можеше да се изначуди од она што го виде.




(c) vlado janevski

www.facebook.com/palavkovcite

И кој знае уште колку време малиот Боше ќе врескаше ако не се појавеше Розе, девојчето во кое беше вљубен и пред кое, токму затоа, секогаш сакаше да се покаже колку е храбар.




(c) vlado janevski www.facebook.com/palavkovcite

# IF IT'S REAL, IT WILL HURT LIKE HEL | Мона Новак




I miss you / IT's killing me.


I wish you knew how much it
destroyed me when you left.


We're all weak for someone.


I think of you night and day.
I dream of you every night.


I've been searching for you,
knowing that in all places I fail to find you,
I am sure to find myself, over and over until I am whole


There are always, things left unsaid.
But with us - There's an entire OCEAN
of unspoken waves waitting to crash.


The saddest truth is realizing you have fallen madly
in love with what can never be.


Some days I can't stop thinking about you, and other days I wonder why I'm wasting my time.


I'm addicted, and I just can't get
enough
enough
enough
enough
enough
enough


END things before they END you.

# THE RETURN OF THE CREATORS | Петар Миљковић




Ufff...


I Allways thought I will end up living on Anoder planet


LOW BATTERY
ALERT
TIT TIT
Zig we have a problem
We are going to run out of battery
Okey get ready to go down. We are going to land.


Where are we going to land?
This beautiful Planet caled EARTH.
I actually have been There 11000 year ago.
Ooo yea nice! What were you Doing there? Are there any intelligent Life forms?
Yea it's nice but we mest up. Ther is NO Intelligent Life!


I was Part of Colonizing Earth group. We were building a colony, educating and showing high technology to the beings on that Planet. But they Schru up everthing and Started Wars. We took the GOLD and Left.
It's a good thing we build Pyramids. So now you can use them to charge the battery and collect Power. While I go and find the GOLD we Left years ago.
WOW
I never know about this.


Okey. We are close to entering the Orbit.
We have Problem. All system is Down. We might be chrash landing this one.
This looks bad!




WOW


BOOM
Shhhhh


This was a close one but we are okey. Pack The Space Ship and Let's GO!
LOW BATTERY
Okey here goes let's Pack This broken thing.
We are all Set, Pack and Ready Let's GO
Oooooo...
WtF
I hire Something take out your gun and Look Around!
To Be Continued...

The next part Earth 2022...




In the next episode.


«Биди моето тело»
според Иван Коцев


ОТВОРИ.
ТРЕС
СИНКО...
ХРИСТееее
НЕ БЕГАЈ, ГАЗУ!


Ооо, пиле скржаво..!
Кај се иде бе на роденден без поклон?!


Го сакав само клучот од твоето срце...

## ТАНЦУВАЈ НА ДОЖДОТ | Славица Купенкова




Треба да разговараме? Те молам кажи ми сега..
Нема лично, еве сега е лично, не ме мачи, те молам.




Но мене ми е исто дали ќе ми кажеш лично, со порака или на телефон...


Во ред, те сфакам, во дилема си?... Аха...таа сака да ти роди... а не си во дилема...детето е со една идеја повеќе....да не те пречекувам на аеродром, аха, непријатно ќе е... Збогум Петар!


Се́ почна како бајка иако си велев дека нема да ја слушам страста на својата душа, не е тој кралот на моето срце. Ќе ја следам само вистината, а љубовта ќе ја закопам длабоко.




Не бев веќе истата. Ми оддекнуваа неговите зборови, ја пиев неговата реакција, се обидував да сфатам што посакува од мене.


Секоја љубовна приказна е убава, но оваа беше мојата, можеби, еден ден.


А некогаш... бевме омилениот пар, на неговите тетки, моите другарки, сопствениците на ресторантите и хотелите каде престојувавме.
Го најавив и своето заминување на работа, сепак тој беше од друга држава.


А кој е сега таму? Во креветот кој знае за нашите капки, кој ги слушнал нашите шепоти и ја осетил топлината од нашите тела.


Ми ја имаше тагата, ми ја имаше среќата, ме имаше целата меѓу две дланки!


Ги знаеше и кажуваше сите зборови што ми требаа да ги слушнам и не се обидуваше никогаш да биде совршен, но затоа го сакав, никогаш не беше лесен.


Не знам зошто сама се доведов до ситуација да си ги раскрварувам рацете од твојата суровост! Ти и утре ќе бидеш тука, но за моето задоволство, а никогаш за мојата болка.
Можеби чувствата ми се хаос, но никогаш нема да научам да ги контролирам за него, а најболно ми е што незнам ни дали ги разбрав неговите чувства и потреби.
Не научив сеуште како да ја смирам бурата која ми ја остави. Сеуште се борам за зракот и сакам да го совладам бранот, но бесот во моето срце не ми дава причина за верба.


Не го молам за искреност за да можам да продолжам понатаму. За никој во животот  не сакам да дознае дека страдав, никогаш! Останува да научам уште едно нешто во животот - да заборавам дека имам срце!


Но продолжувам понатаму бидејќи и покрај тоа што ќе ми недостига, знам, нема на што да се вратам. Тој не е веќе ништо во мојот живот. Продолжувам иако ќе ми недостигаат трошките!


Не е мојата судбина оној што ме напуштил. И јас ќе го напуштам него!


Знаеш ли дека неможеш да поверуваш колку што можам да излажам?
Не си свој колку што сум своја јас.
Не си самостоен колку што сум преживувач јас.
Не си безобразен колку што сум духовита јас.
Не си двосмислен колку што сум провокатор јас.
Не си одбивен колку што сум ризична јас.


Знам да проценам лажго, поглед кој лута наоколу, да помирисам вознемиреност, несигурност. Бидејќи ти не си перфектниот лажго! Не си ни перфектниот заводник. Не си највредниот, најспособниот. Дури не си ни мистериозен!


Не знам едноставно што да направам со оваа негативна енергија, само времето ќе реши кога овој пораз нема повеќе да биде важен за мене. Затоа најпрво треба да си простам себеси, а не нему...


Како дозволив љубовта да ја победи довербата? Требаше обратно.




Зошто не можеме да ги пуштиме работите од раце и се́ да остане во минатото? Зошто не можеме без некого во иднината без да се свртиме во минатото?


Не знам кој беше покрив, тој што лажеше или јас што верував.


Сите го живееме животот како што си замислуваме, но јас не му бев вредна ни за вистината. Ме смееше со лагите, а не́ со вистината.


Не остана во мојот живот... но остана во моето срце уште некое време. Лагите, големи или мали, несакам да живеам во нив. Секоја грешка има своја цена. Мојата, ми ја покажа борбата на која сум способна.


Не сакав и не сакам, не просам јас за трошка љубов! Во љубовта се преживува за среќа. Лагата нема иднина и среќна сум што остана се во минатото!


Убава насмевка, убави очи и убави лаги - тоа е тој. Иако тие лаги беа и најслатките зборови. Можеби победив, можеби не, но постапив со цел и ме спреми за тоа што можам да бидам и да научам дека... само нашиот ум е лимитот...


Денес мора да го остави она од вчера.
Иднината бара да се движиме напред и вчера мора да се остави во минатото.
Се со цел да научиме кога да заминеме од бурата, а кога да танцуваме на дождот.
КРАЈ

# SOCER MAK | Златко Крстевски




ЕУ СЀ УШТЕ ПРЕСКРОМНА ВО СПО-
РЕДБА СО ЛОГИСТИЧКИТЕ КАПА-
ЦИТЕТИ НА ВОЕНИТЕ МОРНАРИ-
ЦИ НА КИНА ИЛИ НА САД
Некои од аналитичарите со кои се
консултиравме објаснуваат дека тоа
не е ништо ново, а за Македонија,
тие презентираат теза дека
ако се земат предвид односите
со соседите, со Грција, а пред сè со
Бугарија, регионот и Македонија
како никогаш ни да не излегле
од Студената војна
Во годината кога се сла-
ви 100 од раѓањето на првиот претседател
на МАНУ, Блаже Конески, уште еднаш да се
потсетиме на неговиот аманет: „Послушајте
Македонци, за нас повеќе отколку за многу
други во светот, јазикот ни претставува
единствена наша комплетна татковина“.
PUNK IS NOT DEAD
За достоинството
и самопочитта


КАКВО ЗНАЧЕЊЕ ИМААТ ПРОЕКТОТ И МОТОТО „ГЛОБАЛНА ЕУ", ЛАНСИРАНИ ОД СТРАНА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА
GOD MADE HELL ANYWAY
DON'T!
Нам ни требаше долго време, барем нам- дум, да се ослободиме од својата национална депресија, дефанзива и инфериорност. Тој наш кобен национален менталитет да се потпираме на други, или пред сè на други, како некоја сенка не престанува да нè следи. Однесувањето според други директиви нè принудуваше и сè уште нè принудува да го потиснуваме своето македонско гледиште изградено врз основа на својата сопствена памет и на своето сопствено паметење. Време е властодршците да застанат зад ова гледиште
GENOCIDIO

# ГРАДИНА | Тамара Марчевска




Zzzz
АЈДЕ, АЈДЕ РАБОТИ ДА ТЕ ВИДАМ!
КЛИК КЛИК




ПИП
ПИП


А, А, што се случува? Дали се тоа суви цвеќиња
оди, однеси ги одма некаде да не ги гледам и не ме буди више!!


мхм
$H_2C$
CH-OH
$H_2C$
O
KC


ПАУ!! ПАУ!!
ПАУ!!
Аааааа, Доаѓај Вамууууу!!
УПС


ИЗЛЕЗ
Застани, Почекај ме, Немоњам Толку Брзо Да Трчам.


Фијух
Ама се измориВ само да земам здиВ!


BOOB





# ЧУДНИ | Ева Дејановска





ПА, СТИГНАВМЕ. ШТО СЕГА?
НЕ ЈА ЗАБОРАВИ МИСИЈАТА.
ИМАМЕ РАБОТА.
НЕ РАЗБИРАМ ЗОШТО МОРАШЕ БАШ ТУКА ДА ДОЈДЕМЕ. МЕСТОВО Е ГРДО. А И ЛУЃЕТО НЕ СЕ НАЈУБАВИ. НЕ ГО РАЗБИРАМ СТАНДАРДОТ ОВДЕ. ПЛУС, ЗНАЕШ ДЕКА НЕ САКАМ МИСИИ. ШТО БАРАМЕ ОВДЕ? НЕ МОЖЕВМЕ САМО ДА ОСТАНЕМЕ ДОМА, БАРЕМ ПОУБАВО Е ТАМУ-
...
ДОСТА.
АЈДЕ САМО ДА ОДИМЕ ДА ГИ ИСПЛАШИМЕ ЛУЃЕВО.
МУАХАХАХА ХАХАХАХАХА
БУ! БУ! БУ!
.......
ПО НЕКОЕ ВРЕМЕ...
ЗОШТО НЕ ИГНОРИРААТ?!
И МЕНЕ МЕ ИГНОРИРААТ.
ШТО АКО... АКО НЕ МОЖАТ ДА НЕ ВИДАТ?
ТОА НЕ Е МОЖНО!!!
ЗНАМ, АМА ШТО АКО-
НЕ! НЕ!
ШТО АКО САМО ДЕЦА МОЖАТ ДА НЕ ВИДАТ?


ЗНАЧИ, МОРА ДА ПЛАШИМЕ САМО ДЕЦА?
ИНТЕРЕСНО.
ПО УШТЕ НЕКОЕ ВРЕМЕ...
2+2 4
3+3=?
КОЛКУ Е ОВА ДОСАДНО... МИ СЕ ОДИ ДОМА...
УЧИЛИШТЕ
!
!
*СМЕА*
СМЕШНОТО ЧУДОВИШТЕ
ЗОШТО НЕ Е ИСПЛАШЕНА? ЗАРЕМ НЕ СУМ ДОВОЛНО СТРАШНО?
ЕЈ, ДЕТЕ!
ОВА ЧОВЕЧКО СУШТЕСТВО Е ПОРАЗЛИЧНО ОД ДРУГИТЕ..... ГИ ПРЕЖИВЕА НАШИТЕ НАЈСМРТОНОСНИТЕ НАПАДИ!
КОМУ ТАА НАВТА? КОМУ?!
НЕ СЕ ЛУТИ!
КАКО? НИЕ СМЕ ЧУДОВИШТА! ТРЕБА ДА ГИ ПЛАШИМЕ!
ДА, ЧУДОВИШТА СМЕ. НО, ЗБОРОТ „ПЛАШИ" НЕ Е ДЕЛ ОД НАШИОТ НАЗИВ.
НИЕ ЧУДИМЕ, НЕ ПЛАШИМЕ.
ТОА Е НАЈГЛУПАВОТО НЕШТО ШТО СУМ СЛУШНАЛО.


СЕДИ СИ САМО, ШТОМ СИ ТОЛКУ „СТРАШНО".
.....ШТО? ЕЈ, ЧЕКАЈ!
ЧЕКАЈ! НЕ МИСЛЕВ ТАКА!
СЕ КАРААТ? ШТО СЕ СЛУЧУВА?
*УШТЕ СМЕА*
ЕЈ, ДЕТЕ! ТИ! ДА, ТИ!
ТОЛКУ ЛИ СМЕ СМЕШНИ?
ПОВЕЌЕ СМЕ СМЕШНИ ОТ-КОЛКУ
*СМЕА*
ПОВТОРНО ЛИ СЕ СМЕЕ? ШТО Е ВООПШТО ТОЛКУ СМЕШНО?
. . .
КОЛКУ Е ЧУДНА.
КРАЈ

# БЕЛЕШКИ ЗА АВТОР(К)ИТЕ

**Гоце Илиевски**

Уметник од Скопје, кој твори во областа на традиционалните, современите и дигиталните форми на уметност. Завршил ФЛУ, отсек Сликарство, во 2010 година. Реализирал 15 самостојни и земал учество во многубројни групни изложби во Македонија, Германија, Австрија, Исланд, Турција, Бугарија и Полска. Лично, од особено значење му е филмот Loving Vincent, каде што работи како сликар и аниматор. Добитник е на повеќе награди за сликарство, акварел и фотографија од повеќе институции и држави.

**Гаја Смилевска**

Деветнаесетгодишна самоука уметница и студентка од Скопје. Се бави со визуелна уметност околу осум години, а во последниве неколку години главно работи илустрации, кратки стрипови и character design.

**Јована Велинова Трајанова**

Родена е на 10.09.1996 во Штип. Дипломиран ликовен уметник од областа на класичното сликарство. Работи како дизајнер и илустратор.
Добитничка на наградата за најдобар дебитантски стрип на Стрип Салонот во Велес во 2013 година. Добитничка на првата награда на конкурсот за стрип „ЛИФТ" во 2019.
Објавила неколку кратки стрипови во списанија и имала две самостојни изложби на слики, во Штип и во Скопје. Живее и создава во Штип.

**Иван Коцев**

Роден 1984 во Скопје.
Карпош - Козле - Аеродром - Ново Лисиче - Карпош - Центар - Капиштец.
Ги купува новосадските ДИЛАН ДОГ од трафика; со нив учи читање. Трапавоста на тој процес во комбинација со макабристичките визуелно-литературни прикази од токму тој стрип резултираат со интензивни мистификации кои го вшмукуваат во длабочината на подземните лавиринти; каде што се и вдомува.

**Владимир Илиевски**

Роден 1989 г. во Скопје. Во 2012 дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје на Катедрата за сликарство. Од 2012 до 2021 г. реализирал десет самостојни изложби во: Скопје, Охрид, Делчево, Струмица и Ботевград (Р. Бугарија). Учествувал на повеќе групни изложби во земјава и странство. Автор е и на два мурали, во Скопје и во Струмица. Учествувал на десетина ликовни колонии во: Охрид, Струга, Струмица, Велес, БиХ, Р. Бугарија, Р. Србија. Добитник е на 7 национални награди. Од 2012 г. член е на ДЛУМ.

**Тео Марковиќ**

Роден 10 Февруари 1996 година. Внук на Дарко Марковиќ. Љубител на стрипови од млади години. Дипломиран графички дизајнер и илустратор.

**Владо Јаневски**

Македонско-австралиски писател, сликар, илустратор, стрип уметник, светски патник и до неодамна активен на полето за истражување и развој во водечка светска компанија.

**Симона Новаковиќ (Мона Новак)**

Завршила средно уметничко училиште „Лазар Личеноски", оддел Дизајн на текстил и облека. Се запишала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, оддел Графика. Во текот на студирањето учевствувала на повеќе групни изложби.

**Славица Купенкова**

Родена е 1981 година во Св.Николе во семејство во кое се ценела уметноста. Кај неа тоа ја побудила потребата и должност тоа да го преточи во дело. Самоук е илустратор, а усовршувала техники со помош на онлајн курсеви на познати илустратори и дизајнери.
Илустрирала неколку книги, а на овогодинешниот Меѓународен салон на стрип „Велес 2021" ја добила наградата за најдобар дебитантски стрип за делото „Училишните авантури на Јан".

**Петар Миљковиќ**

Роден 1992 во Скопје. Дипломиран сликар. Моментално најмногу од работното време го посветува на тетовирање и цртање графити и мурали. Во слободно време се занимава со екстремни спортови и читање стрипови.

**Златко Крстевски**

Завршил Академија за ликовни уметности, оддел Сликарство, во Скопје. Од 1986 година објавувал во „Клик", „Мак Стрип", „Студентски збор", „Млад борец", „Стрипбургер" (Словенија), „Ворм" (Белгија), „Топаз" и „Психоделика" (Лондон), „Арт Лајф" (САД) итн. Имал 17 самостојни изложби од кои 6 биле на тема стрип и тоа во: Нови Сад, Скопје, Куманово.

**Тамара Марчевска**

Родена на 21.09.2001. Завршила средно во ДСУ „Лазар  Личеноски'', смер Дизајн на текстил и облека. Сега студира смер Графика  на Факултетот за ликовни иметности во Скопје.

**Ева Дејановска**

Живее во Гостивар, има 14 години и оди во IX одделение.
Втор пат учествува на конкурсот за наградата „Лифт".

Изданието е поддржано од Град Скопје

Издавач: Темплум | www.templum.mk

Уредник: Никола Гелевски

Дизајн: Кома

Печат: Алма графика, ул. Александар Македонски 42-б Скопје

Тираж: 300

Октомври, 2021

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

741.5(497.7)

СТРИП награда Лифт #4 : стрипови од конкурсот за 2021 / [уредник Никола Гелевски]. - Скопје : Темплум, 2021. - 108 стр. : илустр. ; 24 см

ISBN 978-608-4871-55-2

а) Стрип -- Македонија

COBISS.MK-ID 55648517

# ЕДИЦИЈА

# ЛИФТ

**поврзува светови**

1
ARE YOU SCHIZOID?
Кирчо Арсовски

2
СИНИ ПИЛУЛИ
Фредерик Петерс

3
FUN HOME
Алисон Бехдел

4
ГОСПОЃИЦАТА НЕДОПИРКА
Ибер & Кераскует

5
ЖИВОТОТ Е ДОБАР
АКО НЕ СЕ ОТКАЖУВАШ
Сет

6
INTERVIEW
Кирчо Арсовски

7
ХАШИШ
Анри Мишо | Ѓорѓе Јовановиќ

8
МАУС
Арт Спигелман

9
ЗЕНОБИА
Дур • Хорнеман

10
МАКЕДОНИЈА
Харви Пикар | Хедер Роберсон

11
ПЛАТИ ПА КЛАТИ
Честер Браун

12
ПИЛЕШКО СО СЛИВИ
Марџан Сатрапи

13
ЗАБРАНЕТИОТ ПЛОД
Лив Стромквист

14
ЛАГАТА И КАКО ЈА РАСКАЖАВМЕ
Томи Периш